РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-95/4**

**Скопје, 18.02.2008 година**

**ДО**

**ДИРЕКТОРОТ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ ДИМИТАР БЕРОВСКИ „ БЕРОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметка за самофинансирачки активности (787) на Домот на културата "Димитар Беровски „ Берово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметка за самофинансирачки активности (787) на Домот на културата „Димитар Беровски„ Берово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Звонко Скендерски, директор на Домот на култура во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 05.12. до 05.12.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена акти**

10.1.1. Извршена е продажба на патничко возило сопственост на Домот на културата, за извршената продажба на ревизијата не и беше презентирана Одлука за утврдување на почетна цена за наддавање, презентиран е само записник од Управниот одбор во кој се констатира донесување на одлука дека ќе се врши продажба на возилото и записник дека истото е продадено на 16.10.2006 година на физичко лице како единствен учесник по објавата за продажба. Ваквиот начин е спротивен на законските одредби кои го пропишуваат начинот на продажба на имот по пат на јавно надавање и има влијание на реалноста на остварените приходи по овој основ.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Во врска со благајничкото работење за 2006 година констатирани се следните неправилности:

- не е донесена одлука за утврдување на благајнички максимум;
- паричните средства наплатени во готово (членарини на членови во библиотеката, кирии, продажба на возило и други приходи) не се уплатуваат на сметката на самофинансирачки активности;
- благајнички извештај се изготвува периодично;

Ваквото постапување е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за платен промет. Непочитувањето на законските прописи придонесува за нелимитирано чување на паричните средства во благајната и за ненаменско трошење на средствата.

**Препорака:**

- Управниот Одбор да донесе Одлука за благајнички максимум,
- Благајничкото работење да се врши согласно позитивната законска регулатива.

**10.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. Сметката побарувања од купувачи во земјата е искажана во помал износ од 14 илјади денари. Причина за ваквата состојба е неевидентирано побарување по основ на закупнина за издаден деловен простор за месеците од 09 до 12.2006 што е спротивно

на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект неточни податоци за состојбите искажани во сметководството и финансиските извештаи за 2006 година.

**Препорака:**
Побарувањата по разни основи да се евидентираат во сметководството во моментот на настанување на должничко доверителскиот однос.

10.3.2. Во сметководството и Билансот на состојба искажаните состојби на сметките за Активни временски разграничувања не соодветствуваат со состојбата искажана на сметките за Тековни обврски а состојбата на Постојаните средства со состојбата на Државниот - јавен капитал. Тоа е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а произлегува од пресметковниот начин на водење на сметководството во изминатите години. Наведеното има за ефект нереално искажани состојби во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Лицето задолжено за водење на сметководствената евиденција да преземе мерки за разрешување на овие состојби согласно одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11. Според наше мислење, поради изнесеното во точките 10.1. и 10.3., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за самофинансирачки активности на Домот на култура „Димитар Беровски„ Берово на ден 31 декември 2006 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, на сметката на самофинансирачки активности на Домот на култура „Димитар Беровски„, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 787**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| | 3.1.1. | | |
| Неданочни приходи | 3.1.2. | 73 | 196 |
| Капитални приходи | 3.1.3. | 13 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **86** | **196** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 86 | 196 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **86** | **196** |
| **Вкупно расходи** | | **86** | **196** |

**ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 787**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 23 | 21 |
| Аванси за капитални средства | | | |
| **Вкупно тековни средства** | | **23** | **21** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 3 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **3** | **0** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.3.1. | 39 | 39 |
| **Вкупна актива** | | **65** | **60** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 18 | 17 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.2. | 38 | 36 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **56** | **53** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 9 | 7 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **9** | **7** |
| **Вкупна пасива** | | **65** | **60** |

**ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 787**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **7** | **7** |
| **Зголемување по основ на:** | **2** | **2** |
| Набавки | 2 | 2 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **9** | **9** |